Хелсиншки комитет за човекови права
на Република Македонија
Бр. 05-1493
15.09.2017 год.
Скопје

HELSINKI COMMITTEE FOR HUMAN RIGHTS

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
KOMITETI I HELSINKIT PËR TË DREJTAT E NJERIUT I REPUBLIKËS SË MAKEDONISË
MAKEDONYA CUMHURİYETİ'NİN HELSİNKİ İNSAN HAKLARI KOMİTESİ
COMITET DI HELSINKI TI-NDREPTULI-A OMLUIDI REPUBLICA MACHEDONIA
HELSINŠKO COMITETI BAŠO E MANUŠENGERE NEJAMIJA KI REPUBLIKA MAKEDONIJA
ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЉУДСКА ПРАВА РЕПУБЛИКЕ МАКЕДОНИЈЕ

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 22-09-2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 43 | 6037 | 1 | |

**До: Генерален секретаријат на Влада на Република Македонија**
**Одделение за соработка со невладини организации**
**Бул. Илинден бр. 2, 1000 Скопје**

**ПРЕДМЕТ: Предлози и препораки за Програма за работа на Владата на Република Македонија за 2018 година**

Почитувани,

По објавениот Повик до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2018 година, Хелсинишкиот комитет за човекови права на Република Македонија (МХК) Ви доставува предлози и препораки за областите во кои МХК активно работи, и тоа: бесплатна правна помош, правосудство, социјална заштита, образование, здравствена заштита, бегалци, баратели на азил и мигранти, говор на омраза и дела од омраза и заштита на правата на ЛГБТИ.

Дадените предлози и препораки се темелат на спроведени истражувања и изготвени анализи по одделните области, на кои се повикуваме во самите препораки и за кои е доставен линк за преглед на нивната електронска верзија.

Се надеваме дека дадените предлози и препораки ќе бидат земени предвид при изработката на Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2018 година, како и дека Хелсиншкиот комитет за човекови права активно ќе биде вклучен и консултиран при изготвувањето на новите прописи и измените на постоечките.

Дополнително со овој допис Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија, застапуван од извршната директорка Уранија Пировска, изјавува согласност за објавување на дадените препораки на веб локацијата на Одделението за соработка со невладините организации http://www.nvosorabotka.gov.mk/

Со почит,

Извршна директорка
Уранија Пировска

Здружение
ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Скопје, 15.09.2017 година

# Предлози и препораки за Програма за работа на Владата на Република Македонија за 2018 година

**Бесплатна правна помош**

Со оглед на тоа дека во последните шест години, Законот за бесплатна правна помош не ја исполни целта за која е донесен, изведени се следниве заклучоци и препораки за подобрување на Законот за бесплатна правна помош, како и за целокупниот систем на бесплатна правна помош[1]:

1. Поширок опфат на правни прашања за кои се одобрува бесплатна правна помош и олеснување на условите коишто треба да ги исполнат барателите на бесплатна правна помош.
2. Трошоци што треба да бидат опфатени кој произлегуваат од одреден правен спор.
3. Проширување на опфатот на претходната правна помош и финансирање на работата на здруженијата.
4. Деконцентрација на одлучување по барања за бесплатна правна помош.
5. Формирање на независно тело за следење и оцена на спроведување на Законот за бесплатна правна помош.
6. Усогласување на Законот за бесплатна правна помош со Законот за општа управна постапка, Законот за парнична постапка, Закон за нотаријат и Законот за извршување.
7. Јасно дефинирање на одредени поими со кој граѓаните често се среќаваат при барањето бесплатна правна помош (самохран родител, просечна месечна нето или бруто плата, заедничко домаќинство, член на семејство)
8. Обуки за вработените во центрите за социјална заштита и нивна координација заради изедначување на практиките.
9. Обезбедување механизми за информирање на граѓаните за нивните права.
10. При одлучување по барањата за бесплатна правна помош, Министерството за правда изедначено да одлучува во согласност со одредбите од Закон за бесплатна правна помош.

**Правосудство**

Хелсиншкиот комитет за човекови права смета дека Владината програма треба да биде изготвена на начин што ќе ги вклучи клучните сугестии на граѓанските организации содржани во „Предлогот за итни демократски реформи" претставен од граѓанскиот сектор во јули 2017 години, како и на линија на бројните предлози, од кои голем дел беа вклучена и во нацрт-Стратегијата за реформа на правосудниот систем.

Во таа смисла, предлагаме да се пристапи кон што е можно побрзо усвојување на Стратегијата преку целосно инкорпорирање на сите конструктивни предлози на граѓанските организации и нејзините елементи да станат дел и од владината Програма за претстојниот период, при што ќе се посвети посебно внимание на следниве аспекти:

[1] http://www.fosm.mk/mk/Home/Publication?newsID=9393&catID=9&pageIndex=1

1. Зајакнување на стабилноста и воедначеноста на судската пракса преку овозможување на Врховниот суд на Република Македонија да ја исполнува својата уставна надлежност – обезбедување на единствена примена на законите.
2. Да се воведе можност граѓаните и другите правни субјекти да покренуваат иницијативи за преиспитување на неусогласеноста на судската пракса пред Одделот за судска пракса на Врховниот суд.
3. Воспоставување на пракса на цитирање на веќе утврдена судска пракса од Европскиот суд за човековите права, Врховниот суд на Република Македонија, Уставниот суд на Република Македонија како и повисоките судови.
4. Воспоставување на пракса за задолжително давање можност на Врховниот суд да дава мислења по предлози на закони од значење на работата на судовите.
5. Да се изврши проценка на оптималноста на постојната судската мрежа, како и на оптималноста на бројот и видот на судски службеници, водејќи сметка за почитување на пристапот до правда на граѓаните, но и за потребата од рационализација на мрежата и изедначување на судската норма.
6. Воспоставување нов систем за менаџирање со судовите во насока на зголемена економичност, ефикасност и квалитет на правдата.
7. Воспоставување на објективни и мерливи критериуми за утврдување на одговорност на судиите и јавните обвинители, плурализација на санкциите, разрешување само за потешки и континуирани дисциплински повреди.
8. Воведување на правна заштита во постапувањето на ССРМ и СЈОРМ.
9. Разработка на прецизна методологија за мерење на квалитетот на правдата, во рамки на транспарентен процес, со вклученост на граѓанскиот сектор и академската заедница.
10. Преиспитување на потребата од постоење на четири апелациски судови со можност за спојување на нивните надлежности во еден апелациски суд – пред се поради несразмерноста на обемот на судски предмети и работа на Апелациониот суд во Скопје со останатите три, како и поради ефективност, ефикасност и правна сигурност.
11. Преиспитување на потребата од постоење на Вишиот Управен суд, односно обезбедување на право на жалба на граѓаните пред жалбен совет во рамките на Управниот суд или воспоставување надлежност за вонредни правни лекови на Врховниот суд.
12. Воспоставување на механизам и пракса за мерење на перформансите на работата на судовите – преку мерење на перцепцијата на работата на судиите, судската администрација, Судскиот совет, Академијата за судии и јавни обвинители, итн.
13. Воспоставување на нов модел на Судскиот совет во насока на де-професионализација на функцијата член на Судскиот совет, така што членовите од редот на судиите да продолжат да ја извршуваат судиската функција, а членовите од редот на истакнати правници да продолжат да ја обавуваат својата професија, а со одреден процент од работното време да ја вршат функцијата – членови на Судскиот совет, како преиспитување на составот и траењето на мандатите на членовите на Судскиот совет.
14. Ревидирање на моделот на избор на судии и јавни обвинители, во насока на проширување на можноста освен од редот на кандидатите од Академијата за судии и јавни обвинители судиите и обвинителите да се избираат и од редот на адвокати, јавни обвинители, нотари, извршители, државни правобранители, вработени во Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП, универзитетски професори, поранешни судии и правници во ЕСЧП и други

регионални меѓународни судови и други претставници од правосудството, според критериуми и начин детално утврден со закон.

15. Доследна примена на Законот за судски буџет преку обезбедување на законски утврдениот процент од БДП.
16. Зголемување на платите на судиите и стручните соработници сразмерно на процентот утврден со Законот за судски буџет.
17. Зголемена транспарентност на постапката за избор, оценување и разрешување на судиите и можност за реакција, односно поднесување правен лек против одлуката донесена од страна на Судскиот совет;
18. Натамошно продолжување на надлежноста на Специјалното јавно обвинителство, по спроведено детално ревидирање на неговиот статус со можност за евентуално присоединување како посебен оддел во рамките на ЈОРМ, или, пак, целосно задржување на неговиот досегашен, самостоен статус.
19. Отпочнување на сеопфатен процес за евалуација за утврдување на достигнувањата и слабостите на Академијата и да се предвиди подобрување или промена на системот за почетна или континуирана обука.
20. Преземање мерки во насока на јакнење на финансиската и функционалната независност на Народниот правобранител од извршната власт, кадровско зајакнување на средишната и регионалните канцеларии и/или преиспитување, односно рационализација на мрежата на регионални канцеларии, како и да се осигури дека државните органи како и единиците на локалната самоуправа постапуваат во согласност со препораките на Народниот правобранител.
21. Вклучување на граѓанските организации во работата на одделите за стратешко планирање во сите правосудни органи почнувајќи од Врховниот суд на Република Македонија, Судскиот Совет, Јавно- обвинителски совет, Министерството за правда и други.
22. Целосно усогласување на ЗКП со другите релевантни закони, особено со Законот за Јавното обвинителство.
23. Формирање на истражни центри на Јавното обвинителство во согласност со членот 45 од ЗКП, како и воспоставување на систем за комуникација и вмрежување на податоците помеѓу јавните обвинителства и останатите органи на истрагата, како што е царината, полицијата и финансиската полиција.
24. Целосно реформирање на системот на бесплатна правна помош, меѓу другото, и преку усвојување на целосно нов Закон кој ја регулира оваа материја, а во согласност со меѓународните стандарди и соодветните препораки
25. Менување на праксата на Управниот суд во насока на одржување на усна расправа, секогаш кога е тоа навистина неопходно, а на линија на доследна примена на соодветната одредба од Законот за управните спорови, како конечно вршење на полна јурисдикција на Управниот суд.
26. Исклучување на можноста државни органи кои се јавуваат како тужени органи во Управен спор да можат да поднесуваат жалба против одлуки на Управниот суд – со ова ќе се испочитува уставното право на жалба на граѓаните, и ќе се намали можноста за интервенционизам од страна на извршната власт во случаи кога Управниот суд ќе донесе одлука која не е во согласност со нејзините политики.

27. Воспоставување на ефикасен механизам за ефективно извршување на одлуките на управните судови.
28. Реформа на парничната област во насока на унапредување на можноста за алтернативно решавање на споровите по пат на медијација.
29. Воведување на уставната жалба како механизам за заштита на слободите и правата загарантирани со Уставот и со Европската конвенција за човекови права, и последен филтер пред поднесување на тужба (апликација) против државата пред ЕСЧП.
30. Унапредување на процесот на извршување на пресудите на ЕСЧП донесени во однос на Република Македонија преку зголемена одговорност и отчетност на министерот за правда како претседавач на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП, поголема координираност меѓу соодветните надлежни институции во поглед на преземање на соодветни дејствија и активности во контекст на извршувањето на пресудите на ЕСЧП, а со клучна улога на Меѓуресорската комисија, како и адресирање на системски слабости кои произлегуваат од комуницираните предмети, пресудите во кои е констатирана повреда на ЕКЧП и одлуките за пријателско спогодување или унилатерална декларација, заради преземање на соодветни генерални мерки било преку законски измени или измени во практиката на постапување на судските и/или управните органи
31. Воспоставување на советодавно тело составено од претставници на правосудните институции и професии и правните факултети кое ќе има за цел да придонесе кон подобрување на квалитетот на студиските програми за правни студии во контекст на специфичните потреби на правосудните институции и професии како и во однос на одредувањето на бројот на слободни студиски места.
32. Воспоставување на соодветни критериуми заради подигање на квалитетот на наставата на високо образованите институции акредитирани за организирање на правни студии.

**<u>Социјална заштита</u>**

Предлозите кои се однесуваат на оваа област се темелат на спроведени истражувања и подготвени анализи за лицата со попреченост и Ромите во кои се дадени заклучоци и препораки во неколку области меѓу кои и социјалната заштита. Бидејќи анализите сѐ уште не се објавени предлозите ги доставуваме во овој документ.

1. Измена на Законот за социјална заштита (член 20) и подзаконските акти кои произлегуваат од овој закон, во насока на воведување на попреченоста како една од основите за дискриминација.

2. Измена на Законот социјална заштита, во насока на редефинирање на дефинициите за попреченост и лице со попреченост. Измена на член 17 согласно со напуштање на терминот инвалидни лица и негова замена со нова широка дефиниција на попреченост согласно Конвенцијата за правата на лицата со попреченост. Во конвенцијата лица со попреченост се: ,,оние лица со долготрајни физички, ментални, интелектуални или сетилни нарушувања, кои во интеракција со различни пречки може да ја спречат нивната целосна и ефикасна застапеност во општеството на еднаква основа како и другите.”

3. Измени на Законот за социјална заштита во член 84-а и 84-б согласно кои правото на додаток за слепило и мобилност се стекнува со навршени 26 години. Целосно бришење на возрасното ограничување. Во поглед на материјалното ограничување, измените треба да се движат од две до три просечни плати во зависност од обемот и ангажманот на лицето со попреченост.

4. Измени на Законот за социјална заштита во поглед на изедначување на надоместоците кои се даваат на згрижувачките семејства со биолошките семејства. Ревидирање на системот на поддршка на институциите и вон-институционалните форми на заштита, во насока на нивно работење согласно потребите на индивидуите со попреченост.

5. Развивање на нови сервиси и услуги, како и профили кои ќе излезат во пресрет на потребите на граѓаните со попреченост, на национално и локално ниво како и воспоставување на цена на чинење на услуги и сервиси за лицата со попреченост. Воведување на нов сервис за лица со интелектуална попреченост- патронажни тимови (дефектолог, физиотерапевт, логопед).

6. Воведување и развивање на услугата семејна поддршка и услугата „peer to peer". Советувањето на родителите и психолошката поддршка треба да бидат дизајнирани и планирани како нова услуга, која е поврзана со програмите за рана интервенција.

7. Програма за вклучување на невладините организации како директни даватели на услуги во областа на социјална заштита преку социјални договори.

8. Воведување на мерки што би го промовирале изучувањето на знаковниот јазик, како и преземање на мерки за обезбедување поголем број на толкувачи на знаковен јазик. Дополнително, потребно е да се регулира прашањето за употреба на Брајовото писмо, како вклучување на одредби што би го стимулирале изучувањето на Брајовото писмо.

9. Развивање на систем на хабилитација за лицата со телесна попреченост со континуирано обучување на давателите на услуги, набавка на дополнителна опрема, помагала и технологија за да се одговори на потребите на секое лице со одредена различна и индивидуална потреба. Крајна цел на хабилитацијата е стимулирање и развивање на способностите на секое лице со попреченост до негова максимална возможна независност, целосна вклученост и учество во сите аспекти на животот.

10. Донесување на Закон за персонална асистенција во кој ќе биде предвидено дека секое лице со посебни потреби има право на персонален асистент согласно неговите потреби. Персоналниот асистент ќе може да биде професионалец или родител чиј надомест за услуги ќе го плаќа државата по однапред утврден износ. Различните износи за различен ангажман како персонален асистент би се уредиле со подзаконски акт.

11. Воведување на нов пристап кон категоризирање на лицата со попреченост, при што ќе се запази пристапот на човекови права и ќе се овозможи активно учество на лицата со попреченост во Комисиите за категоризирање на лицата со попреченост со измена на член 13 од Правилникот за оцена за видот и степенот на попреченост на лицата во менталниот или телесниот развој.

12. Измена на член 4 од Правилникот за оцена за видот и степенот на попреченост на лицата во менталниот или телесниот развој во кој се дефинирани категории и степени на попреченост под кои секое лице со попреченост мора да потпадне за да може да користи некоја бенефиција. Во дефинициите во правилникот отсуствува поимно разграничување на одредени нарушувања и болести од оштетувања/онеспособувања или од последиците од таквите оштетувања по животот на поединецот. За таа цел потребно е проширување на категоризацијата со цел лицата кои не спаѓаат во ниту една од дефинираните категории од член 4 од Правилникот (со непризнаени или неутврдени нарушувања) да можат да се стекнат со право на користење на одредена бенефиција и да не бидат дискриминирани. Напуштање на строгиот медицински приод кон идентификација на состојбата на лицето и анализирање и категоризирање на попреченоста и од аспект на реална можност за учество во општествениот живот.

13. Редефинирање на додатокот за мобилност и негово одвојување од надоместокот на инвалиднина како и изедначување на надоместокот за инвалиднина за сите лица со попреченост, без разлика на причината за настанување на попреченоста. Давање на правото на мобилност и на лицата со интелектуална попреченост или предвидување на друг додаток за овие лица.

14. Измена на Правилникот за начинот за остварување на правото на додаток за глувост, со целосна измена на член 3 во насока на остварување на правото на овој додаток врз основа на функционалната независност на лицето со физичка попреченост, согласно индивидуалните потреби на лицето со попреченост, без да се навлегува во детали за неговиот процент на оштетување.

15. Измена на Правилникот за начинот за остварување на правото на мобилност и слепило, со целосна измена на член 3 и член 4 во насока на остварување на правото на овие додатоци врз основа на функционалната независност на лицето со физичка попреченост, согласно индивидуалните потреби на лицето со попреченост, без да се навлегува во детали за неговиот процент на оштетување.

16. Измена на Законот за слободен пристап за информации од јавен карактер со воведување на одредби за начините на кои секој имател на информации ќе биде должен да обезбеди информирање на јавноста на пристапен и достапен начин за лицата со попреченост, како и укинување на одлуката за поставување на посебни лица за комуникација со граѓаните со попреченост во јавните институции.

17. Вон-институционалните и институционалните форми на згрижување за лицата со телесна попреченост во групни домови, згрижувачки семејства, организирано домување со поддршка треба да бидат преодно решение кон нивното целосно вклучување и обезбедување на нивниот независен живот и притоа не треба да го дерогира ова второво. Па во таа насока е потребно целосно нивно ревидирање согласно Конвенцијата за правата на лицата со попреченост.

18. Усвојување на стратегија за преобразба на постоечките Дневни центри за лица со аутизам во Скопје поради недостиг на обучен кадар, несоодветен и неприспособен внатрешен простор, несоодветна местоположба, работа само во една смена со скратено работно

време. Преобразба на овие центри во Центри за рехабилитација во кои ќе бидат вработени стручни и обучени лица (логопед, дефектолог, здравствен работник, психолог), воведување програма за индивидуална работа со деца со аутизам, соработка и советување со родители, двосменско работење, видео надзор, одделно работење во групи согласно возраста на децата.

19. Преземање мерки за отворање на најмалку 5 регионални Центри за лицата со попреченост во кои би се сместиле овие лица по смртта на родителите или во случај на неможност на родителите да се грижат за нив. Назначување на државата за старател на лицата со попреченост чии родители починале или не можат да се грижат за нив.

20. Зголемување на бројот на стручни лица и негователски кадар во институциите од областа на социјалната заштита и подобрување на пристапноста до овие институции. Вработување толкувач на знаковен јазик, подобрување на инфраструктурата, поставување лифтови и пристапни рампи согласно закон.

21. Промовирање на деинституционализација на ЈУ Специјален завод Демир Капија. Целосна имплементација на Националната стратегија за деинституционализација 2008-2018 во Специјалниот завод во Демир Капија. Зголемување на бројот на негователи и медицински сестри, вработување на лекар, стоматолог и гинеколог во заводот. Преземање мерки за подобрување на инфраструктурата и хигиената во специјалниот завод.

22. Вработување на адекватен стручен кадар во предучилишните установи кој би работел со децата со посебни образовни потреби.

23. Обезбедување на право на додаток и за лица со тешка и најтешка интелектуална попреченост.

24. Донесување на Закон за социјално претприемништво со цел развој на социјалното претприемништво за поголема социјална инклузија на лицата со интелектуална попреченост и комбинирани пречки.

25. Враќање на товарот на државата за плаќањето на документите потребни за добивање на различни додатоци и надоместоци и олеснување на процедурата за добивање на надоместоци. Намалување на времето на чекање за добивање на надоместоци. Центрите за социјална работа да одат на терен и на тој начин да се пополнува документацијата потребна за добивање на надоместоци.

26. Преземање мерки за деинституционализација. Подобрување на состојбата на биолошките семејства како мерка за превенција од институционализација. Ревидирање и зголемување на буџетот за отворање на нови и подобрување на постоечките дневни центри. Предвидување во секој дневен центар да има работно ангажирање и мало сопствено производство за лицата со попреченост.

27. Измени во Закон за работните односи со предвидување на скратеното работно време за родителите на деца со попреченост да продолжи и после наполнување на 26 години.

28. Предвидување на отворање на центри за ран детски развој кои ќе имаат функција да работат со децата од најрана возраст за развивање на способностите согласно нивната индивидуална состојба на попреченост.

29. Преземање на мерки вработувањето во заштитните друштва да биде преодно решение кон целосно вработување на отворениот пазар на трудот на лицата со попреченост, како и мерки за приспособување и подобрување на условите во друштвата во кои работат лица со попречености. Преземање на мерки со кои ќе се спречи распоредувањето на лицата со попречености на работни места кои не се соодветни на нивната стручна подготовка и квалификации.

30. Воведување на мерки за социјална инклузија на Ромите во Програмата на Владата како категорија на граѓани кои воопшто не се вклучени во ниту една област на реформи. Неопходно е да се спроведе попис на населението со цел да се утврди бројот на Роми и да се утврдат и политики и програми за вработување на Роми кои ќе бидат вистински ефикасни.

31. Креирање на национална програма и регулативи за зголемување на вработеноста и работно ангажирање на Ромите. Зголемување на бројот на обуки и тренинзи кои ќе придонесат за зголемување на можностите за вработување на оваа категорија на лица.

32. Олеснување на постапката за евиденција во матичната книга на родените и добивање на лични документи, поголемо информирање на ромското население околу постапката, како и финансиска поддршка од Министерството за труд и социјална политика за сите случаи во кои е потребно докажување на крвното сродство.

33. Донесување на програма домување на социјално ранливи групи во која меѓу другите категории на лица ќе бидат вклучени и лицата со попреченост и Ромите.

34. Да се донесе правилник со кој ќе се обезбеди повторна апликација за социјални трансфери за луѓе кои беа блокирани поради приливи од странство.

35. Измена на Правилникот за издавање на лиценца за работа на стручен работник во установа за социјална заштита и вклучување на претставници од граѓанскиот сектор во Комисијата за издавање на лиценци.

36. Да се формално и законски прифатено PRIDE методологија за подготовка, обука и вклучување на згрижувачките родители /старатели во системот за грижа за деца без родителска грижа, со цел зајакнување на системот на социјална заштита.

37. Креирање на национална програма и регулативи за зголемување на вработеноста и работно ангажирање на Ромите.

38. Да се изгради стратешки пристап кон лицата со попреченост посебно во Националната стратегија за вработување во која за жал, меѓу дефинираните приоритетни цели не е изречно опфатено зголемувањето на стапката на вработеност на лицата со попреченост.

39. Преиспитување на критериумот општа здравствена способност како еден од условите за вработување, кој го ограничува пристапот на лицата со хендикеп до работните места во

државната администрација, судството и адвокатурата, и негова целосна индивидуализација во мноштво закони во согласност со член 25 од Законот за работни односи, односно ставање на овој услов во контекст на самата професија / функција.

40. Донесување и усвојување на програма за работно ангажирање на лицата со попреченост преку нивно обучување и поврзување со работодавци.

41. Донесување на Закон за заштита на имотот на лицата со попреченост со кој би се овозможило средствата од продажбата на имотот или самиот имот на родителите да се користи исклучиво за потребите на лицето со попреченост.

**Образование**

Предлозите кои се однесуваат на оваа област се темелат на спроведени истражувања и подготвени анализи за лицата со попреченост и Ромите во кои се дадени заклучоци и препораки во неколку области меѓу кои и образованието. Бидејќи анализите сѐ уште не се објавени предлозите ги доставуваме во овој документ.

1. Усвојување на нова сеопфатна Стратегија за образование за 2017-2027.

2. Усвојување на посебен Закон за предучилишна возраст со кој ќе се регулира раниот детскиот развој и учење, принципите на педагошка практика во предучилишно образование, статус и обука на наставниот кадар во предучилишните установи институции особено за работа со деца со попреченост.

3. Измена, дополнување и усогласување на Законот за основно образование, Законот за средно образование, Законот за високо образование, Законот за учебници за основно и средно образование, Законот за наставници во основното и средното образование, Законот за високообразовните установи за образование на наставен кадар во предучилишното, основното и средното образование со одредбите од Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност, Конвенцијата за правата на детето и Декларацијата од Саламанка за принципите, политиките и практиките во специјалното образование, поширока јавна дискусија со вклучување на лицата со попреченост и сите релевантни чинители. Дефинирање на целите на инклузивното образование и дефинирање на индикатори според кои ќе се следи напредокот во имплементацијата на инклузивното образование.

4. Измена и дополнување на чл. 2 од Законот за основно образование и чл. 3 од Законот за средно образование со внесување на физичката и интелектуалната попреченост како посебни основи за дискриминација. Дополнување на Законот за високо образование со анти- дискриминаторски одредби во кои физичката и интелектуалната попреченост ќе бидат наведени како посебни основи за дискриминација. Итно донесување на подзаконски акти со кои прецизно ќе се регулира постапката за упис на децата со физичка и интелектуална попреченост во редовните училишта, согласно меѓународните стандарди од Конвенцијата за правата на детето и Декларацијата од Саламанка за принципите, политиките и практиките во специјалното образование.

5. Воспоставување на систем за идентификување, евидентирање и следење на учениците со попреченост во редовното образование во рамките на реформирањето на процесот на утврдување на видот и степенот на попреченоста, согласно Меѓународната класификација на функционалност, попреченост и здравје.

6. Воспоставување на индивидуален пристап преку изработка на посебни наставни програми за секое дете со попреченост, во зависност од неговите можности, способности, афинитети и интереси. Посебните наставни програми да бидат донесени и ревидирани од училишниот тим со вклученост на родителите/родителот на детето.

7. Буџетска алокација на средства за поддршка на инклузијата на ученици со попреченост во редовното образование, како и систем за транспарентна и фер распределба помеѓу училиштата.

8. Преземање мерки за обезбедување на целосна физичка пристапност на училишните објекти, согласно меѓународните стандарди, вклучувајќи ги внатрешните простории и опременоста со дидактички и други потребни средства и материјали за инклузивна настава.

9. Предвидување мерки за воведување на современа информациско-комуникациска технологија како алатка за образовна инклузија, вклучувајќи развој на веб-пристапни образовни апликации на наставните јазици во Македонија, за полесно совладување на наставните содржини и асистивна технологија за децата со сетилна попреченост.

10. Измени и дополнувања на Законот за учебници за основно и средно образование со додавање обврска за Министерството за образование да ги обезбеди сите учебници и другите образовни материјали на Браево писмо, во аудио формат и/или согласно стандардите за веб-пристапност.

11. Предвидување мерки за конципирање на моделот на „мобилен" или општински дефектолог во училиштата, преку јасно утврдување на работните задачи, надлежностите и улогата на дефектологот. Зголемување на бројот на дефектолози во училиштата и обезбедување дополнителна обука за дефектолозите во таа насока.

12. Донесување мерки за јасно дефинирање на улогата и надлежностите на инклузивните училишни тимови и алокација на буџетски средства за нивната работа. Да се предвиди задолжително вклучување на родителите на децата со попреченост (и на постарите деца во средното образование) во инклузивните училишни тимови.

13. Мерки за едукација на стручниот, наставниот и раководниот кадар во предучилишните и основно образовните институции за правата на децата со посебни потреби и нивните родители.

14. Законски измени во насока на вработување на асистенти во наставата чие вработување би било на товар на државата.

15. Реформа на системот на оценување за образовното сместување на учениците со посебни потреби (иклузивно училиште или посебно училиште) со вклучување на сите засегнати страни (родителите и стручните тимови во училиштата).

16. Предвидување на можност за преземање на превентивни мерки и почести задолжителни контроли од страна на надлежните во образовните институции во кои постои практика на сегрегација на ученици особено од ромска етничка припадност.
17. Отворање на нови центри за едукација и рехабилитација (посебно за деца со аутизам).
18. Мерки за воведување на едукација на лицата со интелектуална попреченост за сексуално и репродуктивно здравје.
19. Измена на Законот за средно образование со промена на наставните програми во насока на едукација на децата со посебни за посовремени професии и занимања.
20. Преземање дополнителни мерки и надзор на надлежните при определување кои деца ќе бидат запишани во училиштата за деца со посебни образовни потреби, поради спречување на евентуални пропусти и злоупотреби преку воведување на двостепеност на постапката при одлучување кои деца ќе се запишат во овие училишта.
21. Зголемен број активности за намалување и борба против дискриминација и сегрегација. Проактивност на владините институции и органи на централно ниво, како и проактивност на органите на локално ниво.
22. Воведување на менторство, туторство и специјална асистенција за децата Роми со цел нивна побрза и подобра инклузија во образовниот процес.

**Здравствена заштита**

Предлозите кои се однесуваат на оваа област се темелат на спроведени истражувања и подготвени анализи за лицата со попреченост и Ромите во кои се дадени заклучоци и препораки во неколку области меѓу кои и здравствената заштита. Бидејќи анализите сè уште не се објавени предлозите ги доставуваме во овој документ.

1. Дополнување на сите закони од оваа област со анти- дискриминаторски одредби во кои јасно ќе фигурира попреченоста како основа на дискриминацијата.
2. Итен ребаланс на буџетот со предвидување на поголем буџет за набавка на опрема за соодветна дијагностика, поголемо количество на реагенси, соодветни напредни терапии, вработување дефектолози и логопеди, поврзување на здравствените установи од земјата со странски здравствени специјалисти со цел третирање на ретките болести, зголемување на капацитетите во болниците и соодветно сместување на децата и лицата со попреченост во услови кои се приспособени за нивните потреби.
3. Воведување на задолжителни обуки на медицинскиот кадар во сите здравствени институции, со посебен акцент на родилиштата и педијатриите, во делот на рана дијагностика, соодветно советување и упатување на родителите кај чии деца е дијагностицирана било каква попреченост.
4. Развивање на систем на континуирана комуникација и поддршка на родителите на деца со попреченост. Советувањето на родителите и психолошката поддршка треба да бидат

дизајнирани и планирани како нова услуга, која е поврзана со програмите за рана интервенција.

5. Унапредување на Законот за здравствено осигурување и Законот за здравствена заштита во насока на дозволување на лицата со попреченост да ја користат бесплатно примарна, секундарна и терцијалната здравствена заштита согласно потребата настаната од попреченоста, без навлегување на причината на настанување на попречноста.

6. Измена на Законот за заштита на правата на пациентите во насока на изречно пропишување на забраната на дискриминацијата врз основ на попреченост како и задолжително вклучување на лице со попреченост во механизмите за заштита на правата на пациентите.

7. Востановување на сервиси за медицинска рехабилитација и хабитација и обезбедување на услуги со подеднаков квалитет и право на избор. Набавка на дополнителна опрема, помагала и технологија за да се одговори на потребите на секое лице со одредена различна и индивидуална потреба. Крајна цел на хабилитацијата е стимулирање и развивање на способностите на секое лице со попреченост до негова максимална возможна независност, целосна вклученост и учество во сите аспекти на животот.

8. Предвидување на задолжително вработување на логопед во сите здравствени институции од примарна здравствена заштита.

9. Измена на Законот за здравствено осигурување со овозможување континуирано користење, без никакви возрасни ограничувања, на ортопедските помагала со повисок квалитет и функционалност согласно потребата на граѓаните со попреченост.

10. Мерки за воведување задолжителна едукацијата и обука на здравствениот персонал за пристап и комуникација со граѓаните со попреченост, меѓу кои и на патронажните сервиси.

11. Измена на Законот за здравствено осигурување и Законот за здравствена заштита во насока на дозволување на лицата со попреченост да ја користат бесплатно терцијалната здравствена заштита согласно потребата настаната од попреченоста.

12. Измена на Законот за заштита на правата на пациентите во насока на изречно пропишување на забраната на дискриминацијата врз основ на попреченост како и задолжително вклучување на лице со попреченост во механизмите за заштита на правата на пациентите.

13. Преземање на мерки за обезбедување на непречен пристап и достапност на сите здравствените објекти, вклучително и Министерството за здравство, Фондот за здравствено осигурување, сите јавни здравствени установи, клиники, болници, здравствени домови, заводи, ординации, аптеки, согласно меѓународните стандарди.

14. Предвидување на можност за вклучување на лицата со попреченост во регулаторните тела за издавање на лиценца за работа на здравствените установи.

15. Задолжително вклучување на прашањето на попреченост во новите владини програми. (како програмите од типот на Мој термин, Ало докторе, Здраво Таравари).

16. Измена на Правилникот за специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување, (член 7 став 1), во која ќе се овозможи медицинска рехабилитација на

лицата со телесна попреченост согласно неговите потреби и во временски период согласно потребата за рехабилитација на лицето со телесна попреченсот, без да се потенцираат одредени дијагнози, укинувајќи ја целосно одредбата дека истата може да се оствари само како продолжено болничко лекување и може да трае најмногу 21 дена.

17. Измена на Правилникот за содржината и начинот на остварување на правата и обврските од задолжителното здравственото осигурување (член 9 -10), со која ќе се овозможи правото на придружник да се прошири за сите лица со попреченост, без востановување на возрасни или медицински граници.

18. Воведување на секундарен наод при дијагностика покрај основниот наод, поради прогресивните состојби на лицата со попреченост и потребата од индивидуална проценка на секоја состојба.

19. Да се регулираат со закон Ромските здравствените медијатори во системот за здравствена заштита и нивното вработување.

20. Да се обноват постоечките и да се предвидат нови буџетски средства за Националниот акционен план за здравјето на Ромите.

21. Усвојување на повеќегодишен Национален план за ретки болести и обезбедување на буџетски средства за негова имплементација.

22. Мерки за ослободување на родителите од плаќање за престој во болница за нив, доколку детето е со пречки во развојот, без разлика на возраста на детето.

23. Обезбедување на пристапна стоматолошка и гинеколошка здравствена заштита за лицата со интелектуална попреченост.

24. Отворање на приватни центри за ран детски третман и воспоставување на систем за супервизија на веќе постоечките.

**Бегалци, мигранти и баратели на азил**

Хелсиншкиот комитет за човекови права активно ја следи бегалската криза од самиот почеток, во половината на 2014 година, кога од страна на државата не постоеше организиран одговор на транзитирањето на бегалците низ државата, поради што се загубија и голем број животи по железничките пруги. Од прогласувањето на кризната состојба на двете гранични линии и формирањето на транзитните кампови за бегалците во Винојуг, Гевгелија и Табановце, Куманово, Хелсиншкиот комитет со свои постојани набљудувачи на терен, ја набљудува состојбата и почитувањето на основните човекови права и слободи на бегалците, загарантирани во Уставот на Република Македонија и поединечните закони и подзаконски акти, како и правата гарантирани во меѓународните конвенции на кои Република Македонија е потписничка. Наодите и заклучоците од досегашните набљудувања се целосно опфатени во посебна анализа за „Правата на бегалците: Национални и меѓународни стандарди наспроти состојбата на терен“[2], која дава детален преглед

[2] http://mhc.org.mk/system/uploads/redactor_assets/documents/2365/helsinski-mk-final.pdf

за законската рамка и целокупната состојба со бегалците во државата. Оттука, ги издвојуваме следните препораки:

1. Да се донесат следните измени во Законот за азил и привремена заштита, кои ќе ја подобрат правната заштита на бегалците и барателите на азил во Република Македонија.

    - Да се усогласи националната правна рамка со меѓународно признатите стандарди во поглед на правото на преведувач во постапката за азил. Со цел обезбедување дека сите релевантни факти ќе бидат утврдени во постапката, преводот треба да биде обезбеден на јазик кој лицето го разбира, а не на јазик кој разумно се претпоставува дека лицето го разбира.

    - Основите за одбивање на барањето за азил во редовна и итна постапка треба да бидат усогласени со формулацијата во Конвенцијата за статусот на бегалците од 1951 година (чл. 1D, 1E и 1F). Воедно, во член 4 од Законот, каде што се предвидени основите за барање азил, односно „(п)ризнаен бегалец е странец за кој по испитување на неговото барање е утврдено дека ги исполнува условите определени со Конвенцијата од член 2 алинеја 1 на овој закон, односно лице кое поради оправдан страв дека ќе биде прогонето заради својата раса, вера, националност, припадност на одредена социјална група или поради своето политичко уверување...“ да се додаде како основ за добивање азил „сексуална ориентација, родов идентитет или полови карактеристики“, со што ќе се обезбеди сеопфатна заштита на ЛГБТИ лицата и законската рамка ќе се приближи кон европските стандарди. Потребата од додавање на ваквата заштита е очигледна и од скорешните искуства со бегалската криза, земајќи предвид дека голем број земји од каде што доаѓаат бегалците (Пакистан, Авганистан, Сирија, Ирак и сл.) хомосексуалноста е се уште кривично дело и е казнива дури и со смртна казна, што е и основната причина за барањето меѓународна заштита во други земји од страна на ЛГБТИ лицата.

    - При дефинирање на поимот „безбедна трета земја“, државата не треба да се води само врз основа на припадноста на другите држави кон одредени меѓународни организации (ЕУ, НАТО и ЕФТА). Процената за безбедност на барател на азил во трета земја треба да се прави за секоја држава поединечно, во контекст на личните околности на барателот.

    - Временските рестрикции за семејното обединување мора да бидат отстранети и да се врати во сила претходната формулација на Законот за азил и привремена заштита

2. Итно да се усвои Националната стратегија за интеграција на бегалци и странци и Акцискиот план, која веќе доцни скоро една година, со сите препораки и коментари кои граѓанските организации ги доставија до Министерството за труд и социјална политика, а која ќе овозможи успешно воспоставување на систем за интеграција на бегалците кои во текот на изминатите години добија статус на признаен бегалец, како и барателите на азил.

3. Националниот систем за интеграција на бегалците и притоа самата Стратегија и Акцискиот план се фокусираат на работа со бегалците и странците и целосно посветување на нивната

интеграција. Во многу мал размер (речиси воопшто) не се предвидени чекори за работа со локалното население и покренување на свеста на локалното население во однос на интегрирање на бегалците и нивно прифаќање. Доколку се предвидат вакви активности, интеграцијата на бегалците ќе се спроведе полесно и поуспешно.

4. Третманот на посебни категории на лица кои имаат потреба од меѓународна заштита треба да биде прецизно дефиниран на ниво на подзаконски акти. Овие процедури треба да го опфатат деталното постапување со овие лица, врз основа на меѓународно прифатените стандарди за идентификација, профилирање, упатување и проследување на барателите со посебни потреби (жртви на трговијата со луѓе, жртви на сексуално и родово засновано насилство, стари лица или лица со попреченост).

5. Условите во прифатните центри за задржување странци и баратели на азил треба да бидат подобрени, а времето на престој во Прифатниот центар за странци во Гази Баба по поднесување на барање за азил мора да биде ограничено на покус рок од просечниот (30-60 дена).

6. Неопходно е одредување на правниот статус на бегалците и нерегуларните мигранти кои се задржани во Прифатно-транзитни центри во Винојуг, Гевгелија и Табановце, Куманово, земајќи во предвид дека значителна бројка на бегалци беа задржани и подолго од една година без регулиран статус.

## Говор на омраза и дела од омраза

Во рамките на својот мандат, Хелсиншкиот комитет активно ги следи и регистрира случаите на говор на омраза и дела од омраза преку две воспоставени интернет платформи (www.govornaomraza.mk и www.zlostorstvaodomraza.mk), каде што секој може да пријави случај кој го забележал, како и преку редовно следење на дневните билтени на министерството за внатрешни работи и комуникација со основните судови и јавни обвинителства. Оттука, во текот на 2016 година на пример, регистрирани се 136 пријави за случаи на говор на омраза, кој најчесто е застапен на интернет просторот, но и на јавни настани. Статистичките податоци од судовите и јавните обвинителства пак, покажуваат дека не постои ниту еден иницирам судски случај за казнување на говорот на омраза. Од друга страна пак, Хелсиншкиот комитет има регистрирано 70 злосторства од омраза во текот на 2016 година, за кои најчеста основа е етничката припадност и политичката определеност. Во текот на 2015 година, Хелсиншкиот комитет врз основа на истражување, ја изработи „Анализа на состојбата со говорот на омраза во Република Македонија"[3], која дава целосен приказ на резултатите од истражувањето, анализа на законските недостатоци и приказ на примерите кои се регистрирани. Врз основа на тоа, Хелсиншкиот комитет ги предлага:

1. Република Македонија има слаба формална рамка за препознавање и санкционирање на говорот на омраза. Судската практика и принципот на неказнување укажуваат на потребата за кодифицирање и појасно дефинирање на членови во Кривичниот законик што го опфаќаат ова дело. Дополнително, имајќи предвид дека сексуалната ориентација како

[3] http://www.mhc.org.mk/system/uploads/redactor_assets/documents/1054/Hate_Speech_web_mk.pdf

основа не е прецизирана, а според статистичките податоци е втора основа на омраза во државата, треба да биде наведена експлицитно.

2. Министерството за внатрешни работи и одделението за електронски криминал да заземат проактивна улога во спречувањето на говорот на омраза пренесен или поттикнуван по електронски пат. Воедно, да воспостават подобра соработка со локалните самоуправи и да потсетуваат на надлежностите за отстранување на говорот на омраза од јавните површини.

3. Казнените одредби во Кривичниот законик треба да понудат и алтернативни мерки за казнување на сторителите. Практични примери за доброволна работа во невладини организации со сторителите согласно основата на омраза кон индивидуа или група даваат поголеми резултати во процесот на реинтеграција и рехабилитација на сторителите покрај изречената затворска или парична казна.

4. Неопходно е Владата и политичките лидери јавно да изразат едногласен став против говорот на омраза, кој ќе го промовираат кон јавноста и општеството во целина.

Врз основа на прибраните податоци од министерството за внатрешни работи, пријави од граѓаните и известувањата од медиумите, Хелсиншкиот комитет изработува годишен извештај за состојбата со злосторства од омраза[4]. Од утврдените состојби, произлегуваат следниве препораки:

1. Да се земе предвид искуството на земјите-членки на ЕУ за проширување во рамките на нивното кривично законодавство, опсегот на казниви дела за злосторства од омраза и вклучување други мотиви за пристрасност за овие дела;

2. Да се обезбеди навремена и ефикасна истрага и гонење на злосторствата од омраза, земајќи ги предвид мотивите за пристрасност во текот на целата кривична постапка;

3. Да се преземат соодветни мерки за да се олесни пријавувањето злосторства од омраза од страна на жртвите и, исто така, колку што е можно повеќе да се зајакнат здруженијата за нивна поддршка, вклучувајќи и мерки за градење доверба кај полицијата и другите државни институции;

4. Да се собираат и објавуваат сеопфатни и споредливи податоци за злосторства од омраза, колку што е можно повеќе, вклучувајќи го бројот на таквите инциденти пријавени од страна на полицијата и регистрирани од страна на органите на прогонот, бројот на пресуди, мотивите за пристрасност при овие злосторства и казните изречени на престапниците;

5. Да се осигура дека на жртвите на злосторства од омраза им е пружена помош, поддршка и заштита;

6. Да се промовираат обуки за релевантни практичари кои стапуваат во контакт со жртвите на злосторства од омраза, така што ќе им се овозможи ефикасно да им помагаат на жртвите; и

7. Да се подобрат превентивните мерки, меѓу другото размислувајќи за сеќавањата во текот на едукацијата на човековите права, наставните програми по историја и соодветните обуки,

---

[4]http://www.mhc.org.mk/system/uploads/redactor_assets/documents/2385/ZLOSTORSTVA_OD_OMRAZA_2016_za_WEB.pdf

преземајќи чекори за едукација на јавноста за вредностите на културната различност и инклузијата и целејќи сите делови на општеството да имаат улога во борбата против таквата нетрпеливост.

**Заштита на правата на ЛГБТИ заедницата**

Владата во својата програма треба да вклучи неколку клучни заложби за реформи кои се од витално значење за ЛГБТИ заедницата. Потребно е донесување на Националната стратегија за надминување на хомофобијата и трансфобијата, како и измена и дополнување на конкретни позитивни правни акти кои се од суштинско значење за обезбедување еднакви права за ЛГБТИ луѓето.

- **Стратегија против хомофобија, лезбофобија и трансфобија**

Општествено политичкиот контекст кој се градеше во претходните единаесет години, значително придонесе за пораст на хомофобијата, лезбофобијата и трансфобијата. Потребна е структурна и сеопфатна промена за воспоставување на систем на заштита на човековите права на лицата од сексуалните и родовите малцинства. Дополнително, сексуалната ориентација и родовиот идентитет единствено се споменуваат во воведот на Националната стратегија за еднаквост и недискриминација, но понатаму воопшто не е понуден акционен план како да се овозможи сеопфатна заштита на ЛГБТИ лицата. Затоа предлагаме изготвување и усвојување на Национална стратегија против хомофобија, лезбофобија и трансфобија како основа за градење на системски промени во насока на заштита и унапредување на правата на ЛГБТИ луѓето. Предлагаме формирање на Интер- секторско тело, составено од владини и претставници на граѓанските организации посветени на заштита и унапредување на правата на сексуалните и родови малцинства. Интер- секторското тело ќе ја базира стратегијата и ќе ги дефинира приоритетните области на база на спроведена процена на потребите. Според она што граѓанските организации го идентификувале како потреба, можни области опфатени со Стратегијата би биле:

а) справување со хомофобијата и трансфобијата во образованието: ревизија и унапредување на наставните програми и развој на програми за справување со меѓу- врсничкото вознемирување и насилство (булинг) на основ на сексуална организација и родов идентитет;

б) рефлектирање на стратегијата против хомофобија и трансфобија во законот за работни односи;

в) справување со хомофобијата и трансфобијата во јавните институции: полиција, судство, центри за социјална работа, останата државна администрација;

г) справување со хомофобијата и трансфобијата во спортот;

д) подобрување и унапредување на клучната легислатива поврзана со сексуалните и родови малцинства: Законот за заштита од дискриминација, Кривичниот законик во деловите каде се регулираат делата и говорот од омраза, Законот за семејство, подготвување нов закон за системско признавање на родот и тн.;

Во продолжение се разработени потребите и насоките на измена на правните акти:

1. **Закон за заштита од дискриминација**

Неопходно е внесување на сексуалната ориентација и родовиот идентитет како посебни основи за заштита од дискриминација, за да се обезбеди целосно почитување на човековите права на

лезбејките, геј-мажите, бисексуалците и трансродовите лица и да се промовира трпеливост кон нив. Со оваа промена, на Комисијата за заштита од дискриминација ќе ѝ се овозможи простор постојано да ги преиспитува постојните и другите мерки, како и да собира и да ги анализира релевантни податоци за да следи и да констатира секаква директна или индиректна дискриминација врз основа на сексуалната ориентација или родовиот идентитет. Конечно, со ова ќе се добие ефективен правен лек пред националните власти, што ќе овозможи жртвите на дискриминација да се свесни за нејзиното постоење, а со тоа ќе се добијат и мерки за борба против дискриминацијата што вклучуваат санкции за прекршувањата и одредби за соодветно обесштетување на жртвите. Исто така предлагаме темелни реформи во одредбите за минимум услови за избор на комисионерите со што би се гарантирала независноста, стручноста и компетентноста на Комисијата.

2. **Промена на Кривичниот законик во делот во кој се регулираат делата и говорот на омраза**

Неопходна е промената на Кривичниот законик во деловите за дела и говор од омраза на начин што сексуалната ориентација и родовиот идентитет ќе бидат посебни основи за дела од омраза. Вклучително и обука на вработените во надлежните институции, Министерството за внатрешни работи, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди и Центарот за обуки (како органи во состав на МВР), Академијата за судии и јавни обвинители и Управата за извршување санкции: полициските службеници, вработените во судовите и затворите за сензитивизирање при работењето со лица од сексуални и родови малцинства. Предлагаме Законот да вклучи и регистар за собирање и анализа на податоци за сторените дела од омраза.

3. **Промена на Законот за семејство**

Предлагаме промена на Законот за семејство како би се гарантирала еднаквост помеѓу истополовите двојки и двојките со партнери од различен пол, како во брачната, така и во вонбрачната заедница.

4. **Подготвување и носење на регулатива за системско признавање на промена на полот**

Предлагаме носење на Закон за системско признавање на промената на полот за да се овозможи брз, едноставен и пристапен начин за промена да документите при промена на полот на лицето. Со тоа ќе се регулира пристап на трансродовите лица до соодветни услуги за промена на полот и да ги отстрани сите пречки што ја ограничуваат можноста трошоците да бидат покриени од здравственото осигурување, а трошоците што паѓаат на трансродовите лица мораат да бидат законски, објективни и пропорционални. Со ова ќе се овозможи унифицирана постапка за системско признавање на промена на полот, што ќе опфаќа едноставни правни и здравствени процедури, со јасна поделба на надлежностите помеѓу Министерството за внатрешни работи и Управата за водење на матичните книги.